

# HAY BAH

КУЛТУРНО - ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - СКОПЈЕ

# НАУ ВАН

## ЦРТЕЖИ

СЕПТЕМВРИ
2002

# ПРЕД ЛИНЕАРНИТЕ ЦРТЕЖИ НА ВАНГЕЛ НАУМОВСКИ

Вангел Наумовски (род. 1924) е сликар и скулптор, автор на архитектонска пластика во чија основа лежи биоморфниот принцип на обликување. Со цртежите создадени од 1995 година до денес повлекува нова консеквенца во однос на неговите поранешни настојувања. Станува збор за цртежи во боја што произлегуваат од природата на спонтаниот ракопис на уметникот. Неговата постапка е ослободена од секакви претставувачки (или обликувани) намери, но со присутни асоцијации на некаков предел, цвет или женско тело кои останале во сеќавањето на уметникот. Личниот психички живот на Наумовски, изразен во промените на неговото уметничко име, се одразил и на стилските трансформации. Иконографскиот и содржински редукционизам означува дека уметникот ги задржал основните белези на професионалниот и наивистички концепт, но целосно ги отфрлил елементите на фигуративната претстава и пантеистички осмислената визија. Наумовски црта брзо и со енергични потези ги групира линиите во снопови, во поретки или погусти состави. Во неговите цртежи се задржале сеќавањата на некакви орнаментални форми, на измислени воздушести предели. Паул Кле го свртe вниманието на "прапочетоците на уметноста" (наоѓајќи ги во етнографските збирки, во сопствената детска соба, во работите на душевните болни). Покрај тоа, модерното сликарство продре во музиката и ги ослободи примарните ликовни импулси и сензации. Наумовски од своја страна негува постапка на автоматизам сугерирајќи спонтана поврзаност со надреалистичкиот метод на Андре Бретон. Цртежите во боја на Наумовски егзистираат надвор од Ништото, како што не му се покоруваат на Нештото. Во центарот на вниманието не се наоѓа она што туку со што и како поточно тука се сретствата на претставување кои се изразуваат самите себе. Во делата се манифестира директноста на исказот од што, во еден здив се доаѓа до крајниот резултат. Формата произлегува од спонтаниот ракопис, со евидентен напор во нередот да се воспостави ред. Таквиот пристап резултира со скица, како и со цртеж на вибрантни широко третирани линии. Со транспарентните структури на формите всушност се обликува просторот на белата хартија. Линијата добила ритам со боени акорди и звучност на деловите и целината. Цртежите се водени од инстинктот и емоцијата, но се ослободени од корекциите на разумот и од намерата да се создадат знаковни конструкции. Делата на Наумовски не потсетуваат на некои детски цртежи, манифестирајќи ја притоа сопствената манирстичност во која темпераментниот потег и движењето се борат со извесниот стремеж да се контролира гестот. Неговиот "линеарен флукс" е во близина на еден карактеристичен вид на "крилест" автоматизам, потсетувајќи на делата на некои надреалисти, експресионисти или апстрактни сликари (А. Мишо, Волс, Масон, Миро итн.).

Цртежите се пред се сведоштво за уметниковото искуство и неговите ослободени агенси од што се создадени овие специфични "бушави" линеарни преплети. Тука не станува збор само за уделот на окото, туку пред се на раката која тука морала "да егзистира во дива состојба".

*Владимир Величковски*







## ЗА

## Цртежот
мој

Цртежот је зачеток на зачетокот, тој је пат на сите бестака, тој је мајка на сите одења, спасувања, заминувања и вечно верижни зачнувања.

Апсолутно знаење не је можно. Не је ни пожелно ни неопходно. Неизвесноста је фора, импулс, занес, тоа се отворени хоризонти. Цртежот је секије право и во право и во криво. То је услов, на услови, кога, како? и колку, секој има право, колку сака и колку може, да продуцира цртеж.

Еволуција на цртежот?

Прашање је, во, прашање ли је еволуција на цртежот или је во прашање, несовата судбина, во глобала, на суштината, вечното, констатното зачнување на светот.

Цртежот је роден од потребата, да се регистрира, да се асоцира, да се детонира, да се задржи, да се има биденото виденото, духовното и визуелното.

Блаженото на цртежот низ светото на духовното условил емоции, вибрантни сутења во душата спростирајки му на критериумот, на умот линеарни феномени фигуралчки паралели, од величенствени, визуелни достоинства на човековиот, потентен феномен.

Визувите распострени спроти очиве на ѕидовиве се забранети плодови никнати од небитието, од ачик без облаци небо, во одсуство на иманото. Ова спроти очиве на ѕидовиве е честичка откачена зала на битието на овој човек, битие неуловливо за никој а и да је дефиниција.

Нау Ван, атомски квантум, не је ум
то е енигма од чин.

# ЗА
# *ЦРТЕЖОТ*
*мој*

*Цртежот је зачеток на зачетокот,
тој је пат на сите беспаќа, тој је мајка
на сите одења, стасувања, заминувања и вечно
верижни зачнувања.*

*Апсолутно знаење не је можно. Не је
ни пожелно и неопходно. Неизвесноста је фора,
импулс, занес, тоа се отворени хоризонти.
Цртежот је сечије право и во право и во
криво. То је услов, на услова, кога, како? и колку,
секој има право, колку сака и колку може,
да продуцира цртеж.*

*Еволуција на цртежот?
Прашање, је, во прашање ли је еволуција на,
цртежот или је во прашање, неговата судбина,
во глобала на суштината, вечното, константното
зачнување на светот.*

*Цртежот је роден од потребата, да се
регистрира, да се асоцира, да се депонира, да се задржи,
да се има биденото виденото, духовното и
визуелното.*

*Блаженото на цртежот низ светот на духовното
условил емоции, вибрантни цутења во душата
спрострирајќи му на критериумот, на умот линеарни феномени
фчудувачки паралели, од величенствени, визуелни
достоинства на човековиот потентен феномен.*

*Визурive спрострени спроти очиве на ѕидовиве
се забранети плодови никнати од небитието, од ачик без
облаци небо, во отсаство на иманото. Ова спроти очиве на
ѕидовиве е честичка откачена јава на битијето на овој човек,
битије неуловливо за било која и  да је дефиниција.
Ван, атомски квантум, не је ум
то је енигма од чин.*







ЦРТЕЖИ

1. Тоа што е
2. Во мислава барај ме
3. Оваа замка ја знам
4. Оџачарот
5. Поредок
6. Бадник
7. Провидно
8. Асоцијација
9. Четврток
10. Солидари
11. Секавична
12. Абер
13. Зелена песна
14. Ти си ми проблем
15. Фурија
16. Името на сонцето
17. Навеани
18. Ми загина крајот
19. Свери
20. Распетие
21. Името на Распетието
22. Галена
23. Бело име
24. Тантела
25. Магија
26. Сажни
27. Арената на сонот
28. Предено
29. Бело

*Делата се работени од 1995 година до утре*

*Издавач:*
Културно-информативен центар - Скопје

*За издавачот:*
Љупчо Маленков

*Ликовно-графичко обликување:*
Емил Шулајковски

*Предговор:*
Владимир Величковски

*Печати:*
ТРИ Д

*Тираж:*
500

Министерство за култура

Изложбата и каталогот се реализирани со помош
на Министерството за култура на Р. Македонија

ISBN - 9989-802-69-6

